**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2478.**

Врз основа на член 37- б став 1 од Законот за спортот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04 и 81/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.09.2008 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАТЕГОРИЈА СПОРТИСТ - СПОРТСКА НАДЕЖ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба поблиску се уредуваат условите, критериумите и начинот за доделување на категоријата спортист – спортска надеж.

Член 2

Категорија спортист – спортска надеж, за спортисти младинци (во натамошниот текст: Категорија спортист – спортска надеж), се доделува на спортисти младинци со возраст до 20 години, државјани на Република Македонија (во натамошниот текст- спортистите), за остварени спортски резултати согласно Законот за спортот и оваа уредба.

### II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ

Член 3

(1) Категоријата спортист - спортска надеж се доделува на спортисти членови на националните спортски федерации кои реализираат национален спортски систем на натпревари и учествуваат во меѓународниот систем на натпревари за возрасни категории до 20 години.

(2) Категоријата спортист - спортска надеж се доделува на спортисти во индивидуалните спортови врз основа на остварени спортски резултати и врз основа на подготвена Ранг-листа на најуспешните млади спортисти до 20 години од соодветниот спорт од страна на националните спортски федерации.

(3) Категоријата спортист - спортска надеж се доделува на спортисти во екипните спортови врз основа на составот на репрезентациите до 20 години и врз основа на подготвена Ранг – листа на најуспешните млади спортисти до 20 години од соодветниот спорт, подготвени од страна на националните спортски федерации.

Член 4

Категоријата спортист - спортска надеж се доделува врз основа на возраста на младиот спортист, остварениот резултат во индивидуални спортови и учество во репрезентациите до 20 години, во екипните спортови.

### III. НАЧИН НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАТЕГОРИЈАТА СПОРТИСТ- СПОРТСКА НАДЕЖ

Член 5

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите на спортот го утврдува статусот на спортистите од категоријата спортист - спортска надеж, по претходно прибавено мислење од соодветната национална спортска федерација.